Влада на Република Северна Македонија
Кабинет на заменик на претседателот на Владата
задолжен за политики на добро владеење

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kabineti i Zëvendëskryetarit të Qeverisë i
angazhuar për Politika të Qeverisjes së Mirë

Арх. број/ Num. ark.: 10-10032/2
Датум/Data: 25-10-2024

До: Центар за управување со промени (ЦУП) Скопје

Митрополит Теодосиј Гологанов 34а
1000 Скопје

Предмет: Мислење по Предлог-иницијативата „Намалување на дискреционите овластувања при именување на раководните структури во институциите, постапките за вработување и носење на одлуки при одлучување за правата на граѓаните“

Почитувани,

Најпрво, во мое име и во име на Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење Ви благодарам за Вашето учество во Дијалогот меѓу Владата и граѓанскиот сектор на тема „Владеење на право, добро владеење и борба против корупција“ и за проактивниот пристап изразен со доставување на оваа иницијатива.

Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење, од аспект на своето портфолио, со особено внимание ја разгледа иницијативата „Намалување на дискреционите овластувања при именување на раководните структури во институциите, постапките за вработување и носење на одлуки при одлучување за правата на граѓаните“, поднесена од Ваша страна до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и истата ја оцени како *релевантна и прифатлива*.

Drejtuar: Qendrës për Menaxhim me Ndryshime (QMN) Shkup

Mitropoliti Teodosij Gologanov 34a
1000 Shkup

Lënda: Mendim për Propozim - nismën "Zvogëlimi i autorizimeve diskrecionale në emërimin e strukturave drejtuese në institucione, procedurave të punësimit dhe vendimmarrjes për të drejtat e qytetarëve"

Të nderuar,

Para së gjithash, në emrin tim dhe në emër të Kabinetit të Zëvendëskryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, i angazhuar për Politika për Qeverisje të Mirë, Ju falënderoj për pjesëmarrjen Tuaj në dialogun ndërmjet Qeverisë dhe sektorit civil me temën "Sundimi i drejtës, qeverisja e mirë dhe lufta kundër korrupsionit" dhe për qasjen proaktive të shprehur me dorëzimin e kësaj nisme.

Kabineti i Zëvendëskryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, i angazhuar për Politika të Qeverisjes së Mirë, nga aspekti i portofolit të tij, me vëmendje të veçantë e ka shqyrtuar nismën "Zvogëlimi i autorizimeve diskrecionale në emërimin e strukturave drejtuese në institucione, procedurave të punësimit dhe vendimmarrjes për të drejtat e qytetarëve" e parashtruar nga Ju në Sekretariatin e Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe e njëjta është vlerësuar si *relevante dhe e pranueshme*.

*Фронт против корупцијата, преку реформа на правосудниот систем и системска борба против корупцијата* (вклучително и Закон за ограничување и намалување на дискреционите овластувања на функционерите), Владата најави уште во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028).

*Fronti kundër korrupsionit, përmes reformës së sistemit të drejtësisë dhe luftës sistematike kundër korrupsionit* (përfshirë edhe Ligjin për Kufizimin dhe Zvogëlimin e Autorizimeve Diskrecionale të Funksionarëve), Qeveria njoftoi në Programin e punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut (2024- 2028).

Оваа своја заложба Владата ја операционализираше и во Одлуката за изменување на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година („Службен весник на РСМ“ број 177/24), во која прв стратешки приоритет за 2024 - 2028 е *обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото.*

Qeveria përkushtimin e saj e operacionalizoi edhe me Vendimin për ndryshimin e vendimit për përcaktimin e prioriteteve strategjike të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitet 2024 - 2028 (“Gazeta Zyrtare e RMV-së” nr. 177/24), në të cilin prioriteti i parë strategjik për 2024 - 2028 është *rikthimi i besimit në institucionet, forcimi i sigurisë, lufta efektive kundër korrupsionit dhe krimit, pavarësia e gjyqësorit dhe sigurimi i qeverisjes të së drejtës.*

Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење има клучна координативна улога во јакнење на меѓу-институционалната соработка и координација на активностите поврзани со борбата против корупцијата, вклучително и на законодавниот процес од областа антикорупција.

Kabineti i Zëvendëskryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, i angazhuar për Politika të Qeverisjes së Mirë ka rol kyç koordinues në forcimin e bashkëpunimit ndërinstitucional dhe koordinimin e aktiviteteve në lidhje me luftën kundër korrupsionit, përfshirë procesin legjislativ në fushën e antikorrupsionit.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија е Претседавач на Меѓуресорското тело за координација на активности против корупција, па така има можност и одговорност да влијае врз:

Zëvendëskryetari i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut është kryesyes i Trupit Ndërinstitucional për Koordinim të Veprimtarive Kundër Korrupsionit, kështu që ka mundësi dhe përgjegjësi të ndikojë në:

- креирање политики за унапредување на превенцијата и борбата против корупцијата, вклучително и за обезбедување техничка поддршка;

- krijimin e politikave për avancimin e parandalimit dhe luftës kundër korrupsionit, duke përfshirë sigurimin e mbështetjes teknike;

-спроведување на мерки или активности предвидени со национални или меѓународни стратешки или програмски документи од областа антикорупција;

- zbatimin e masave apo aktiviteteve të parashikuara nga dokumentet strategjike apo programore nacionale apo ndërkombëtare në fushën e antikorrupsionit;

- усогласено собирање и обработка на податоци за следење на состојбите со корупцијата и

- mbledhjen dhe përpunimin e harmonizuar të të dhënave për monitorimin e situatave të korrupsionit dhe

- обезбедување придонеси за подготовка на извештаи и други материјали за известување на меѓународни организации и тела во врска со имплементација на препораки и стандарди од областа антикорупција.

- dhënien e kontributeve për përgatitjen e raporteve dhe materialeve të tjera për njoftimin e organizatave dhe trupave ndërkombëtarë lidhur me zbatimin e rekomandimeve dhe standardeve në fushën e antikorrupsionit.

И покрај тоа што во минатото дискреционите овластувања беа предмет на повеќе анализи, ниту еден од наодите не резултираше со донесување на посебен правен акт со кој би се ограничил монополот и дикреционите овластувања, а едновремено би се утврдиле основи за различни видови на одговорност за злоупотребата на дискреционите овластувања од страна на носителите на јавни функции.

Pavarësisht se në të kaluarën autorizimet diskrecionale kanë qenë lëndë i disa analizave, asnjë nga gjetjet nuk rezultoi në miratimin e aktit ligjor të veçantë që do të kufizonte monopolin dhe autorizimet diskrecionale, në të njëjtën kohë do të përcaktoheshin baza për lloje të ndryshme të përgjegjësive për shpërdorimin e autorizimeve diskrecionale të bartësve të funksioneve publike.

Препознавајќи ги дискреционите овластувања на носителите на јавни функции како значаен елемент на системот на интегритет и еден од ризиците од корупција, особено кога се одлучува за правата на граѓаните, Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење ќе даде придонес во детално законско регулирање на ова прашање. Што се однесува до улогата во законодавниот процес, Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење нема мандат за предлагање закони. Имено, изготвувач на законите од областа антикорупција во име на Владата како овластен предлагач е Министерството за правда. Кабинетот на Заменик на

Duke njohur autorizimet diskrecionale të bartësve të funksioneve publike si element i rëndësishëm i sistemit të integritetit dhe një nga rreziqet e korrupsionit, veçanërisht kur vendoset për të drejtat e qytetarëve, Kabineti i Zëvendëskryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut i angazhuar për Politika të Qeverisjes së Mirë, do të kontribuojë në rregullimin e hollësishëm ligjor të kësaj çështjeje. Sa i përket rolit në procesin legjislativ, Kabineti i Zëvendëskryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut i angazhuar për Politika të Qeverisjes së Mirë nuk ka mandat të propozojë ligje. Përkatësisht, hartues i ligjeve në fushën e antikorrupsionit në emër të Qeverisë si propozues i autorizuar është Ministria e Drejtësisë. Kabineti i Zëvendëskryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut i angazhuar për Politika të Qeverisjes së Mirë me

претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење со свој претставник/ци активно би се вклучил во работната група што би била задолжена за изготвување на Предлог-Закон за ограничување и намалување на дискреционите овластувања на носителите на јавни функции на сите нивоа на власт.

Дозволете да Ве информирам дека до крајот на оваа година, Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење ќе усвои и План за добро владеење за 2025 година. Во оваа прилика, Ве покануваме да доставите предлози за Планот за добро владеење за 2025 година и/или коментари на Нацрт-планот за добро владеење за 2025 година, што Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење ќе го усвои до крајот на оваа година.

Верувам дека ова е нов почеток на добра практика на консултации во процесот на креирање на политики, што има за цел унапредување на соработката и градењето на партнерство меѓу Владата и граѓанските организации.

Ви благодариме за соработката,

përfaqësues/it e tij do të përfshihej në mënyrë aktive në grupin punues i cili do të ishte përgjegjës për hartimin e Propozim-ligjit për kufizimin dhe zvogëlimin e autorizimeve diskrecionale të bartësve të funksioneve publike në të gjitha nivelet e qeverisjes.

Më lejoni t'Ju informoj se deri në fund të këtij viti, Kabineti i Zëvendëskryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut i angazhuar për Politika të Qeverisjes së Mirë do të miratojë edhe Plan për qeverisje të mirë për vitin 2025. Me këtë rast, Ju ftojmë të paraqisni propozime për Planin për Qeverisje të Mirë për vitin 2025 dhe/ose komente për Draft-Planin për Qeverisje të Mirë për vitin 2025, që Kabineti i Zëvendëskryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut i angazhuar për Politika të Qeverisjes së Mirë do ta miratojnë atë deri në fund të këtij viti.

Besoj se ky është një fillim i ri i një praktike të mirë konsultimi në procesin e politikëbërjes, e cila synon të nxisë bashkëpunimin dhe të ndërtojë partneritet ndërmjet Qeverisë dhe organizatave civile.

Ju faleminderit për bashkëpunimin,

**Заменик на претседателот на Владата на**
**Република Северна Македонија**
**Zëvendëskryetari i Qeverisë**
**së Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Arben Fetai**

Доставено до:
Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Dorëzuar edhe:
Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut

Подготвил:/Përgatiti: Билјана Николовска Жагар, државен советник/këshilltare shtetërore
Одобрил:/Miratoi: Agim Mahmuti, шеф на кабинет/shef i Kabinetit